„О, Аллах, нема вистински живот освен Ахиретскиот живот. Па прости им на енсариите и мухаџирите.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „О, Аллах, нема вистински живот освен Ахиретскиот живот. Па прости им на енсариите и мухаџирите.“
[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека вистинскиот живот е само Ахиретскиот – во Аллаховото задоволство, Неговата милост и Неговиот Џенет. Животот на овој свет е минлив и краткотраен, а животот на Ахиретот е вечен и траен. Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, направил дова за прошка, почест и добрина за енсариите – оние што го примија, му помогнаа, ги поддржаа мухаџирите и го поделија со нив својот имот – како и за мухаџирите кои ги оставија своите домови и имоти барајќи ја Аллаховата милост и Неговото задоволство.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3773